1830 Službeni vesnik SR Makedonije
91001 Skopje
fah 51



# СЛУЖБ[ЕН ЛИСТ]

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА [ЈУГОСЛАВИЈА]

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 14 март 1980
БЕЛГРАД
БРОЈ 13 ГОД. XXXVI

Цена на овој број е 36 динари. — Претплатата за 1980 година изнесува 800 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-855; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

**213.**

Врз основа на член 57 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/72, 55/72, 28/73, 36/75, 58/75, 7/77, 61/78, 26/79 и 5/80), Сојузниот извршен совет, врз основа на согласноста од надлежните републички и покраински органи, донесува

## УРЕДБА

### ЗА УКИНУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ОСНОВНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА 150.000 ТОНИ ДИЗЕЛ-ГОРИВО Д-2

Член 1

Се укинува стапката од 46,56% по која се плаќа основниот данок на промет на производи на дизел гориво Д-2, на прометот на дизел гориво Д-2 од интервентен увоз во количина од 150.000 тони, за кој договорите за увоз ќе се склучат и ќе и се пријават на банката до 31 март 1980 година. Увозниците и продавачите на големо се должни при продажбата на тоа гориво да постапуваат според одредбите на член 15 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 99
14 февруари 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип,** с. р.

**214.**

Врз основа на член 216 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА СЛУЖБАТА НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ ЗА ОДБРАНБЕНИ ПОДГОТОВКИ

1. Службата на Сојузниот извршен совет за одбранбени подготовки (во натамошниот текст: Службата), формирана со Одлуката за основање Служба на Сојузниот извршен совет за одбранбени подготовки („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/71 и 29/73), ја продолжува работата како самостојна стручна служба на Сојузниот извршен совет (во натамошниот текст: Советот), со положбата и делокругот утврдени со оваа одлука.

2. Службата врши стручни и други работи за потребите на Советот и на неговите работни тела во областа на одбранбените подготовки и општествената самозаштита, што се однесуваат:

1) на изработката на предлог-планот за одбрана и на планот од областа на општествената самозаштита на Советот и на усогласувањето на соодветните планови на сојузните органи на управата и на сојузните организации со тие планови, како и на планирањето и предлагањето на материјалните средства потребни за спроведување на тие планови;

2) на следењето на спроведувањето на заклучоците на Советот во врска со утврдените обврски на сојузните органи на управата и на сојузните организации и службите на Советот;

3) на подготвувањето и организацијата на системот на врски за функционирање во војна;

4) на подготвувањето и реализацијата на програмата за изградба на објекти за заштита;

5) на изработката на предлог-програмите за обука и оспособување на работниците во сојузните органи и организации за работа на работите на одбраната и општествената самозаштита, како и на грижењето за нивното спроведување;

6) на изработката на предлозите на прописите за спроведување на одбранбените подготовки на Советот;

7) на подготвувањето и утврдувањето на предлозите на воени прописи од надлежноста на Советот;

8) на други задачи и работи од областа на одбранбените подготовки и општествената самозаштита, што ќе и ги определи Советот.

3. Службата врши стручни и други работи што се однесуваат на мобилизациските подготовки на сојузните органи на управата и на сојузните организации, што ќе и ги определи Советот, како и стручни и други работи во врска со мобилизациските подготовки на другите сојузни органи и организации и на органите на општествено-политичките организации во федерацијата, а врз основа на спогодбите на тие органи, односно организации и Советот.

4. Службата има свој печат.

5. Со работата на Службата раководи началникот на Службата, кој за својата работа и за извршувањето на задачите од делокругот на Службата одговара пред Советот.

Во поглед на раководењето со работата на Службата и одлучувањето за засновањето и престанокот на работниот однос на работниците во Службата, началникот на Службата ги има правата и должностите на функционер што раководи со сојузен орган на управата.

6. Во Службата можат да се назначуваат помошници на началникот на Службата, како раководни работници.

Задачите и работите на кои се распоредуваат помошниците на началникот на Службата, како и нивниот број, се утврдуваат со правилникот за систематизацијата на задачите и работите во Службата.

7. Началникот и помошниците на началникот на Службата ги назначува и разрешува од должност Советот.

Началникот на Службата се назначува на предлог од претседателот на Советот, а помошниците на началникот на Службата — на предлог од началникот на Службата, по претходно прибавено мислење од надлежниот орган во републиката, односно во автономната покраина.

8. Началникот на Службата, помошниците на началникот и работниците во Службата ги остваруваат своите самоуправни права во работната заедница на Службата на начинот утврден со статутот и со други самоуправни општи акти, во согласност со законот.

9. Средствата за работа на Службата се обезбедуваат во буџетот на федерацијата.

10. На организацијата и работата на Службата, во поглед на овластувањата и одговорноста на началникот на Службата, како и во поглед на правата, обврските и одговорноста на раководните работници и на работниците во Службата, се применуваат прописите што важат за сојузните органи на управата, ако со сојузен закон или со друг пропис не е определено поинаку.

11. Задачите и работите на Службата можат да ги вршат и активни воени лица.

12. Началникот на Службата е должен на Советот да му поднесе на согласност правилник за организацијата и работата и правилник за систематизацијата на задачите и работите на Службата во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

13. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за основање Служба на Сојузниот извршен совет за мобилизациски подготовки („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/71 и 29/73).

14. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен лист на СФРЈ.

Е. п. бр. 100
6 март 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Звоне Драган**, с. р.

## 215.

Врз основа на член 53 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79 и 52/79), врз основа на согласност од надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

# РЕШЕНИЕ
## ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА СТАПКА НА УВОЗОТ НА ГАСНО МАСЛО

1. На увозот на 150.000 тони гасно масло од тар. број 27.01/6 на Царинската тарифа, што се увезува заради интервенција на домашниот пазар, пропишаната царинска стапка од 10% се намалува на 5%.

2. Ова решение се применува на увозот на оние количества гасно масло од точка 1 на ова решение за кои договорите за увоз ќе се склучат и ќе и се пријават на банката до 31 март 1980 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 101
21 февруари 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

## 216.

Врз основа на член 14 ст. 2 и 3 од Законот за основите на општествените совети и за сојузните општествени совети („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/79), Сојузниот општествен совет за меѓународни односи на седницата од 28 февруари 1980 година, донесе

# ДЕЛОВНИК
## ЗА РАБОТАТА НА СОЈУЗНИОТ ОПШТЕСТВЕН СОВЕТ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

### I. Основни одредби

Член 1

Задачите утврдени со Законот за основите на општествените совети и за сојузните општествени совети (во натамошниот текст: Законот) Сојузниот општествен совет за меѓународни односи (во натамошниот текст: Советот) ги извршува на седници.

Учесниците во работата на Советот ја остваруваат својата улога преку своите делегати.

Член 2

Секој учесник во работата на Советот има право да предложи разгледување на определено прашање на седницата на Советот.

Органите, организациите и заедниците што не учествуваат во работата на Советот, работните луѓе и граѓаните можат, преку одделен учесник во работата на Советот или непосредно до Советот, да упатат иницијатива за разгледување на определено прашање на седница на Советот.

Предлагачот на определена тема за седницата на Советот е должен накратко да је дефинира и образложи содржината на темата.

Координациониот одбор на Советот ги разгледува предлозите и иницијативите од ст. 1 и 2 на овој член и го известува Советот за своите мислења во врска со дадените предлози и иницијативи.

Координациониот одбор на Советот ги известува подносителите на предлозите и иницијативите за мислењата и ставовите на Советот во врска со разгледуваните предлози и иницијативи.

Член 3

Учесниците во работата на Советот определуваат свои делегати зависно од прашањата што се на дневниот ред на седницата на Советот и водат сметка за соодветен континуитет во разгледувањето на прашањата што веќе биле на дневен ред на седницата на Советот.

Секој учесник во работата на Советот може да определи за седницата на Советот до три делегати, ако Координациониот одбор на Советот за одделна седница не определи поинаку.

Член 4

Разгледувањето на определени прашања на седница на Советот се врши, по правило, врз основа на претходни консултации во соодветните органи, односно тела на учесниците во работата на Советот, а по потреба се обезбедува претходна стручна и научна подготовка.

Член 5

Учесниците во работата на Советот, заради подготвување седница на Советот и вршење на други работи кои овозможуваат поуспешна работа на Советот, остваруваат соработка во рамките на Координациониот одбор на Советот.

Член 6

Работата на Советот е јавна.

Член 7

Советот на погоден начин ја известува јавноста за програмата и резултатите на својата работа.

Член 8

Претставници на печатот и на другите средства за јавно информирање присуствуваат на седницата на Советот заради известување на јавноста за работата на Советот, односно за прашањата што се разгледуваат на неговата седница.

Член 9

Советот може да даде соопштение за печатот и за другите средства за јавно информирање за прашањата што се разгледувани без присуство на јавноста.

Советот може да го овласти Координациониот одбор или претседателот на Советот да го утврди текстот на соопштението.

Претседателот на Советот или лицето што тој ќе го определи може, по седницата, да одржи состанок со претставниците на средствата за јавно информирање што ја следеле работата на Советот заради давање на соодветни објасненија.

Член 10

Координациониот одбор на Советот може да одлучи одделни или сите прашања на одделна седница на Советот да се разгледуваат без присуство на претставници на печатот и на другите средства за јавно информирање, ако тоа го бараат интересите на безбедноста или одбраната на земјата или други општествени интереси.

## II. Програмирање на работата на Советот

Член 11

Заради остварување на своите функции, односно извршување на задачите за кои е надлежен, Советот утврдува рамковна програма за својата работа (во натамошниот текст: програма за работа).

При изработката на својата програма за работа Советот тргнува од предлозите на учесниците во работата на Советот.

Член 12

Програмата за работа на Советот се утврдува за период од една година, а може да се утврди за подолг период.

Врз основа на едногодишната програма за работа, Координациониот одбор на Советот може, при согласност од Советот, да ја утврди динамиката на нејзиното остварување, односно приоритетот на разгледувањето на определени прашања во пократки временски периоди.

Член 13

Програмата за работа содржи особено:

1) теми, односно прашања што Советот ќе ги разгледува во периодот за кој програмата се донесува;

2) носители на стручните работи за подготвување на одделни материјали утврдени со програмата за работа;

3) ориентациони рокови во кои ќе се разгледуваат одделни прашања;

4) пократко образложение за потребата од разгледување на одделни теми.

Советот може, на предлог од Координациониот одбор, да разгледува и прашања што не се вклучени во програмата за работа на Советот, а се упатени до Советот во смисла на член 2 од овој деловник, ако учесниците во работата на Советот оценат дека е неопходно за тие прашања на седниците на Советот да се извршат пошироки консултации и да се утврдат заеднички определувања.

Член 14

Нацртот на програмата за работа на Советот им се доставува на сите учесници во работата на Советот, како и на заинтересираните органи и организации заради давање мислења, предлози и сугестии.

Врз основа на мислењата, предлозите и сугестиите, Координациониот одбор на Советот го утврдува предлогот на програмата за работа на Советот.

Програмата за работа на Советот се утврдува на седница.

Член 15

Програмата за работа, кога Советот ќе ја усвои, им се доставува на сите учесници во работата на Советот и на заинтересираните органи, организации и заедници и може, ако Советот така одлучи, да се објави на соодветен начин.

## III. Подготвување на седниците на Советот

Член 16

Разгледувањето на прашањата на седниците на Советот се врши врз основа на претходно подготвен и доставен материјал.

Предлагачот, односно иницијаторот на разгледувањето на определно прашање на седницата на Советот може, кога предлага вклучување во програмата за работа, да преземе обврска дека ќе обезбеди подготовка на потребните материјали за тоа прашање за седницата на Советот или да му предложи на Координациониот одбор на Советот кој орган, односно организација треба да го подготви материјалот.

Претходните подготовки на материјалот треба да се организираат така што во нив, зависно од својот интерес, навремено да можат да се вклучат социјалистичките републики и социјалистичките автономни покраини.

Член 17

Кога Советот ќе оцени дека тоа е целесообразно, можат да се формираат работни тела на Советот заради проучување и разгледување на одделни прашања и подготвување на материјали, односно мислења и предлози за седницата на Советот.

По исклучок, кога тоа го бара итноста на работите и задачите, Координациониот одбор на Советот може со заклучок да формира работно тело од став 1 на овој член, со тоа што е должен за тоа да го извести Советот на првата наредна седница.

Составот на работните тела го утврдува Координациониот одбор во зависност од природата на работната задача и за тоа ги известува учесниците во работата на Советот.

Во работното тело на Советот можат да се ангажираат претставници на научни институции и одделни научни и стручни работници.

Член 18

Материјалот што се подготвува за седница на Советот ги содржи, по правило, основните прашања за кои треба да се изврши размена на мислења на седницата на Советот, краток приказ на состојбата или содржината на поставеното прашање, предлози за соодветни решенија на отворените прашања од

начелен карактер со образложение, евентуално и во алтернативи, како и приказ на последиците што произлегуваат од различните решенија.

Кон основниот материјал за седницата на Советот може да се приложи поширока документација (интегрален законски текст, информација, анализа и сл.) која може да послужи за поцелосно согледување на основните и отворените прашања.

Член 19

Подготвените материјали за седница на Советот им се доставуваат, во договорен број примероци, на сите учесници во работата на Советот заради претходни консултации, и тоа 30 дена пред денот определен за одржување на седницата на Советот на која ќе се разгледува тој материјал.

Учесниците во работата на Советот можат пред седницата на Советот да достават кратки писмени извештаи од своите седници на кои претходно разгледувале определени теми, заради навремено упатување до сите учесници на седницата на Советот.

Кога според оцената на Координациониот одбор, поради итност е неопходно на Советот што побргу да се заземат соодветни ставови за некое прашање, материјалот може да биде доставен и во пократок рок од рокот утврден во став 1 од овој член.

Член 20

Заради навремено запознавање на претставниците на јавното информирање со прашањата што се разгледуваат на седницата на Советот, материјалот се доставува до Сојузниот секретаријат за информации, освен ако не е означен како материјал исклучиво за интерна употреба (строго доверлив или сл.).

Член 21

Предлагачот на материјалот, или телото што подготвува определен материјал за седница на Советот, односно Координациониот одбор на Советот, или претседателот на Советот, кога ќе оценат дека тоа е од значење за заштитата на определен општествен интерес, утврдуваат соодветен степен на неговата доверливост.

Советот може на својата седница, пред почетокот на разгледувањето на материјалот од став 1 на овој член, повторно да ја разгледа оцената за степенот на доверливоста и да ја промени.

Член 22

Дневниот ред на седницата на Советот го предлага претседателот на Советот, кога се работи за прашања од усвоената програма за работа на Советот, водејќи сметка за задачите и роковите утврдени со програмата за работа на Советот. Претседателот на Советот го предлага дневниот ред и кога се работи за предлози и иницијативи на учесниците во работата на Советот што не се предвидени со програмата за работа на Советот; во тој случај претседателот на Советот ги предлага овие прашања за дневен ред на Советот по претходна консултација со Координациониот одбор на Советот.

Член 23

Седницата на Советот ја свикува претседателот на Советот по сопствена иницијатива, на предлог од Координациониот одбор на Советот или по предлог од еден или повеќе учесници во работата на Советот.

Член 24

Известување за свикувањето на седницата на Советот им се доставува на учесниците во работата на Советот и на соодветните републички односно покраински совети, ако со соодветен акт во социјалистичката република и во социјалистичката автономна покраина не е определено поинаку.

Член 25

Покана за седница на Советот со подготвените материјали му се доставува на раководителот на работното тело на Советот што го подготвило материјалот за седницата на Советот и, доколку Координациониот одбор тека одлучи, на членовите на работното тело.

Покана за седница на Советот заради учество во работата на Советот по определено прашање, со подготвените материјали, му се доставува и на функционерот кој раководи со сојузен орган на управата, односно сојузна организација кога на дневниот ред се прашања што спаѓаат во делокругот на органот, односно организацијата со која раководи.

На седница можат да се повикаат и претставници на научни и стручни организации и заедници што не се учесници во работата на Советот, како и општествено-политички, научни, стручни и јавни работници како поединци што, по прибавено мислење од учесниците во работата на Советот, ќе ги определи Координациониот одбор на Советот, односно претседателот на Советот по овластување од Координациониот одбор.

## IV. Седници на Советот и утврдување на мислења и предлози на седниците на Советот

Член 26

Советот може да работи ако на седницата присуствуваат делегати на мнозинството учесници во работата на Советот.

Седницата на Советот почнува со утврдување на дневниот ред.

На предлог од претседателот на Советот, во зависност од карактерот на темите што се на дневниот ред и од други околности, Советот, по правило, пред преминувањето на дневниот ред, го утврдува начинот на работа и другите околности од значење за рационална и ефикасна работа.

Член 27

На седниците на Советот се води дискусија за сите прашања што се на дневниот ред, односно се изразуваат мислења и предлози со цел за нивно усогласување.

Мислењата и предлозите на Советот се утврдуваат како единствени или во алтернативи, врз основа на изјаснување на учесниците во работата на Советот чии делегати присуствуваат на седницата на Советот, како и на писмените мислења на делегатите на учесниците во работата на Советот што биле спречени да присуствуваат на седницата.

Доколку Советот утврди дека за одделни прашања се изразени големи разлики во мислењата, Советот може да им предложи на учесниците во работата повторно да ги разгледаат спорните прашања или да препорачи понатамошни меѓусебни консултации.

Член 28

На почетокот од расправата за секоја точка на дневниот ред предлагачот на таа точка од дневниот ред или подносителот на материјалот може да даде уводни забелешки, односно дополнителни образложенија за отворените прашања од начелен карактер и за предлозите за кои е потребно изјаснување на Советот.

Член 29

Претседателот на Советот е должен да ги запознае присутните на седницата на Советот со содржината на предлозите и мислењата што во врска со прашањата на дневниот ред на седницата на Советот, се доставени во писмена форма пред седницата на Советот.

Член 30

Кога ќе утврди дека нема повеќе говорници по определено прашање, претседателот на Советот е должен да констатира дали постојат единствени мислења и предлози или се изнесени различни мислења и предлози.

Член 31

За работата на седницата на Советот се води записник.

Записникот содржи: име на претседавачот на седницата, имања на присутните, дневен ред на седницата, имања на учесниците во дискусијата, време на траењето на седницата, како и утврдените предлози и мислења на Советот, ако Советот или Координациониот одбор на Советот не заклучи за тоа да се подготви посебна информација.

Делегатот на учесникот во работата на Советот што ги издвоил мислењето за определено прашање, може да бара тоа мислење да се внесе во записникот, односно информацијата.

Записникот им се доставува на сите учесници во работата на Советот и се смета како верифициран доколку во рок од седум дена никој не достави забелешка.

Записникот на кој се доставени позначајни содржински забелешки го верифицира Координациониот одбор.

Одредбите од овој член согласно се применуваат и врз седниците на Координациониот одбор на Советот.

Член 32

Информацијата или заклучоците, односно препораките за мислењата и предлозите изнесени на седницата на Советот ги верифицира Советот или Координациониот одбор, ако Советот го овласти. За начинот на верификацијата Советот може да одлучи и поинаку.

Член 33

Текот на седницата на Советот, по правило, магнетофонски се снима или се стенографира.

Магнетофонска снимка, односно стенографските белешки од седницата на Советот претставуваат составен дел од записникот и носат ознака „неавторизиран и нередигиран текст — за интерна употреба".

Советот, односно Координациониот одбор може да одлучи определена магнетофонска снимка или стенографски белешки да се сметаат како доверливи.

Магнетофонската снимка, односно стенографските белешки им се доставуваат на органите и организациите што учествуваат во работата на Советот, како и на работните тела што ќе работат врз реализацијата на ставовите на Советот, најдоцна пет дена по седницата на Советот.

Пошироко користење на магнетофонската снимка, односно на стенографските белешки може да се врши само врз основа на заклучоците на Координациониот одбор.

Член 34

Советот може со другите сојузни општествени совети да одржува заеднички седници кога тоа ќе го заклучи Координациониот одбор на Советот, тргнувајќи од потребата за поцелосно согледување на прашањата што се предмет на заедничко разгледување.

На заедничките седници претседаваат наизменично, според утврдениот договор, претседателите на сојузните општествени совети.

## V. Координационен одбор

Член 35

Координациониот одбор на Советот, по правило е во постојан состав и го сочинуваат по еден делегат на учесниците во работата на Советот и претседателот на Советот.

Членовите на Координациониот одбор на Советот од социјалистичките републики и социјалистичките автономни покраини се определуваат со соодветен акт на тие општествено-политички заедници.

Член 36

Координациониот одбор на Советот:

1) го утврдува нацртот и предлогот на програмата за работа на Советот;

2) ги верифицира предлозите, мислењата, информациите и другите материјали, ако за тоа е овластен со заклучок на Советот;

3) ги определува органите и организациите чие учество треба да се обезбеди на седницата на Советот, во зависност од прашањата што се на дневниот ред на седницата на Советот, а во согласност со критериумите што ќе ги утврди Советот;

4) ги верифицира записниците од седницата на Советот;

5) му предлага на Советот кандидат за секретар на Советот;

6) формира работни тела на Советот, ако тоа не го стори Советот;

7) врши и други работи за кои ќе го овласти Советот.

Член 37

Координациониот одбор на Советот може, согласно со програмата за работа на Советот, да ангажира определени научни, стручни и јавни работници или научни институции за научна обработка на определени прашања за потребите на Советот.

Член 38

По исклучок, Координациониот одбор на Советот може, во согласност со програмата за работа на Советот, согласно со заклучокот на Советот, да предложи организирање на посебни научни и стручни собири (научни советувања, тркалезна маса и сл), заради разгледување на определени прашања.

Координациониот одбор на Советот може, во посебно оправдани случаи, да препорача и материјално да се стимулира (со партиципација во надоместот на неопходните трошоци) организирањето на научни собири на професионални стручни здруженија или научни институции (факултети, академии, институти и сл.) за прашањата предвидени со програмата за работа на Советот.

Координациониот одбор може да заклучи за подготовка или обработка на определен материјал од страна на поединци или институции да може да се договори соодветен хонорар.

Член 39

Во подготовката на заедничката седница на сојузните општествени совети можат да се одржат заеднички седници на координационите одбори што ги свикуваат и на кои им претседаваат претседателите на сојузните општествени совети, наизменично, според утврдениот договор.

## VI. Претседател на Советот

Член 40

Иницијатива за избор на претседателот на Советот може да даде секој учесник во работата на Советот.

Иницијативата за избор на претседател на Советот се доставува, преку Координациониот одбор на Советот, до Координационата комисија на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија за кадровска политика во федерацијата, која го утврдува предлогот за избор на претседател на Советот и им го доставува, преку Координациониот одбор на Советот, на сите учесници во работата на Советот.

Претседателот на Советот се избира со согласноста на сите учесници во работата на Советот.

Одлуката за избор на претседател на Советот се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

Член 41

Претседателот на Советот:

1) свикува седници на Советот;

2) предлага дневен ред на седницата на Советот;

3) претседава на седниците на Советот и на Координациониот одбор на Советот;

4) се грижи за остварувањето на програмата за работа на Советот;

5) се грижи за спроведувањето на заклучоците на Советот и на Координациониот одбор на Советот што се однесуваат на работата на Советот;

6) се грижи за остварувањето на принципот за јавност на работата на Советот.

Претседателот на Советот врши и други задачи и работи што ќе му ги довери Советот, односно Координациониот одбор на Советот.

Во случај на спреченост на претседателот на Советот во текот на пократко време, работите на претседателот на Советот ќи ги врши еден член на Координациониот одбор што тој одбор ќе го определи.

Член 42

Претседателот на Советот може да одлучи на одделни седници на Координациониот одбор на Советот да се повикуваат претставници на соодветни сојузни органи, организации и заедници, раководители на соодветни работни тела на Советот или други заинтересирани лица, а во зависност од прашањата што се на дневниот ред на седницата на Координациониот одбор на Советот.

Член 43

За поединечните претставки на работните луѓе и граѓаните упатени до Советот односно до претседателот на Советот, а кои содржат начелни прашања од областа на меѓународните односи, претседателот на Советот го известува Координациониот одбор на Советот.

Член 44

Претседателот на Советот ги има правата што, во согласност со Законот за личните доходи на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ и за надоместите на личните доходи на делегатите во Собранието на СФРЈ и со Општествениот договор за основите и мерилата за усогласување на личните доходи и другите примања на функционерите во федерацијата, ќе ги утврди Советот.

**VII. Секретар на Советот и вршење на стручни работи за потребите на Советот и на неговите работни тела**

Член 45

Секретарот на Советот го именува Советот на предлог од Координациониот одбор на Советот.

Одлуката за именување секретар на Советот се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

Член 46

Секретарот на Советот:

1) му помага на претседателот на Советот во организирањето на работата на Советот и на Координациониот одбор на Советот;

2) ја следи и организира работата на работните тела на Советот и може да учествува во нивната работа;

3) раководи со стручната служба на Советот и е одговорен за нејзината работа;

4) му помага на претседателот на Советот во остварувањето на програмата за работа на Советот и на заклучоците на Советот и Координациониот одбор на Советот и учествува во неговата работа;

5) се грижи за спроведувањето на Деловникот на Советот;

6) врши и други работи според заклучокот на Советот и Координациониот одбор на Советот.

Член 47

Секретарот на Советот е наредбодавец за располагање со средствата одобрени за работа на Советот и е одговорен за законитото користење на овие средства.

Член 48

Секретарот на Советот ги има правата што по овластување од Советот, а во согласност со Општествениот договор за основите и мерилата за усогласување на личните доходи и другите примања на функционерите во федерацијата, ќе ги утврди Координациониот одбор на Советот.

Член 49

Стручните и другите работи за потребите на Советот, на Координациониот одбор на Советот и на работните тела на Советот ги врши стручната служба на Советот, како посебна организациона единица во рамките на Генералниот секретаријат на Сојузниот извршен совет.

Стручната служба на Советот врши аналитички, стручни и други работи во врска:

— со подготвувањето на програмата за работа на Советот;

— со подготвувањето на седниците на Советот и на Координациониот одбор на Советот;

— со организирањето на седниците на работните тела на Советот;

— со обезбедувањето на податоци, документација и други информации потребни за работа на Советот и со давањето стручни мислења во работата на работните тела на Советот, како и со учествувањето на стручни работници во работата на тие работни тела;

— со обработката на материјалите од седниците на Советот и на Координациониот одбор на Советот и на работните тела на Советот (записници, информации, резимеа, белешки и сл.).

**VIII. Преодни и завршни одредби**

Член 50

Овој деловник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 11/1
28 февруари 1980 година
Белград

**Сојузен општествен совет за меѓународни односи**

Претседател
на Советот,
**Милош Минић**, с. р.

**217.**

Врз основа на член 30 став 2 од Законот за патните исправи на државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/79) и член 87 став 2 од Законот за движење и престој на странци во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/73), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ОБРАСЦИТЕ ЗА ПАТНИ И ДРУГИ ИСПРАВИ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА И НА СТРАНЦИ

1. Надлежните органи кои според одредбите на Законот за патните исправи на државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Законот за движење и престој на странци во Југославија им издаваат патни и други исправи на државјаните на СФРЈ и на странци, ќе ги наплатуваат обрасците на тие исправи по следните цени, и тоа образец за:

| | Динари |
|---|---|
| 1) пасош (личен, семеен) | 50 |
| 2) дипломатски пасош | 50 |
| 3) службен пасош | 50 |
| 4) заеднички пасош | 80 |
| 5) детски пасош | 35 |
| 6) патен лист | 40 |
| 7) патен лист за странци | 50 |
| 8) патни исправи за бегалци | 50 |
| 9) патни исправи за лица без државјанство | 50 |
| 10) туристичка пропусница | 5 |
| 11) лична карта за странци | 25 |

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П. бр. 270-3-1/37
5 март 1980 година
Белград

Сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Фрањо Херљевиќ**, с. р.

**218.**

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „L'EXPRESS"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на списанието „L'Express", број 1489 од 26 јануари 1980 година, што излегува на француски јазик во Париз, Франција.

Бр. 650-1-5/535
18 февруари 1980 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

**219.**

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „OGGI"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на списанието „Oggi", број 5 од 1 февруари 1980 година, што излегува на италијански јазик во Милано, Италија.

Бр. 650-1-12/512
18 февруари 1980 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

**220.**

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „ICI PARIS"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Ici Paris", од 24—30 јануари 1980 година, што излегува на француски јазик во Париз, Франција.

Бр. 650-1-5/536
14 февруари 1980 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

221.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „FRANCE SOIR“

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „France soir“, број 11036 од 8 февруари 1980 година, што излегува на француски јазик во Париз, Франција.

Бр. 650-1-5/537
19 февруари 1980 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

222.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „FRANKFURTER ALLGEMEINE ZEITUNG“

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Frankfurter Allgemeine Zeitung“, број 37/7 од 13 февруари 1980 година, што излегува на германски јазик во Франкфурт, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/842
22 февруари 1980 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

223.

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941“ („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/77), член 27 став 2 од Законот за основните права на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/77) и член 9 став 1 од Законот за основните права на лицата одликувани со орден Караѓорѓева ѕвезда со мечеви, со орден Бел орел со мечеви и со Златен медал на Обилиќ („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/77), Сојузниот комитет за прашања на борците и на воените инвалиди издава

## НАРЕДБА

### ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПОГРЕБ ВО 1980 ГОДИНА

1. Надоместот на трошоците за погреб според Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941“, Законот за основните права на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година и Законот за основните права на лицата одликувани со орден Караѓорѓева ѕвезда со мечеви, со орден Бел орел со мечеви и со Златен медал на Обилиќ, се усогласува со движењата на тие трошоци и од 1 јануари 1980 година изнесува 15.000 динари.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 331/1
28 февруари 1980 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
прашања на борците и
на воените инвалиди,
**Милан Вукасовиќ**, с. р.

224.

Врз основа на член 42 став 1 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/76, 36/79 и 52/79), во согласност со сојузниот секретар за финансии, директорот на Сојузната управа за царини утврдува

## ЛИСТА

### НА ЦАРИНСКИТЕ ОСНОВИЦИ ЗА СТОКИТЕ ШТО ДРЖАВЈАНИ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА И СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ НЕПОСРЕДНО ГИ УВЕЗУВААТ, ОДНОСНО ПРИМААТ ОД СТРАНСТВО

1. За стоките што државјани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и странски државјани непосредно ги увезуваат, односно ги примаат од странство, се определува царинска основица, и тоа:

| Реден број | Тарифен број на Царинската тарифа | Назив на производот | Единица на мера | Царинска основица во динари по единица на мера |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | 09 01 | Кафе: | | |
| | | 1) сурово во зрно | kg | 120 |
| | | 2) пржено или мелено | kg | 180 |
| | | 3) екстракти на кафе („Nescafe“) | 100 g | 60 |
| 2 | 22.09 | Виски | литар | 150 |
| 3 | 24.02 | Цигари | 20 парч. | 12 |
| 4 | 40.11 | Гуми за патнички автомобили од сите видови: | | |
| | | 1) внатрешни гуми | kg | 50 |
| | | 2) надворешни гуми: | | |
| | | а) дијагонални, обични | kg | 80 |
| | | б) радијални | kg | 90 |
| | | в) тубелес | kg | 120 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| | | г) протектирани: | | |
| | | 1) дијагонални | kg | 50 |
| | | 2) радијални | kg | 60 |
| | | 3) тубелес | kg | 80 |
| 5 | 42.03 | Предмети за облекување од природна кожа: | | |
| | | 1) мантили: | | |
| | | а) од мазна кожа | парч. | 4.200 |
| | | б) од велур кожа | парч. | 3.300 |
| | | 2) јакни: | | |
| | | а) од мазна кожа | парч. | 2.800 |
| | | б) од велур кожа | парч. | 2.500 |
| | | 3) предмети за облекување за деца | kg | 600 |
| 6 | 43.03 | Предмети за облекување од крзно: | | |
| | | 1) од фино крзно: | | |
| | | а) бунди: | | |
| | | 1) „Нерц", „Сребрена лисица", и „Сина лисица" | парч. | 30.000 |
| | | 2) „Астраган", „Бизамски стаорец" | парч. | 18.000 |
| | | 3) „Фока", „Лисица" | парч. | 15.000 |
| | | 4) „Нутрија" | парч. | 13.500 |
| | | б) јакни — подолги (над 60 cm): | | |
| | | 1) „Нерц", „Сребрена лисица", и „Сина лисица" | парч. | 22.000 |
| | | 2) „Астраган", „Бизамски стаорец" | парч. | 14.000 |
| | | 3) „Фока", „Лисица" | парч. | 12.000 |
| | | 4) „Нутрија" | парч. | 10.000 |
| | | в) јакни — пократки (до 60 cm): | | |
| | | 1) „Нерц", „Сребрена лисица", и „Сина лисица" | парч. | 14.000 |
| | | 2) „Астраган", „Бизамски стаорец" | парч. | 10.000 |
| | | 3) „Фока", „Лисица" | парч. | 9.000 |
| | | 4) „Нутрија" | парч. | 8.000 |
| | | г) капи — шубари | парч. | 1.700 |
| | | д) јакни | парч. | 2.000 |
| | | 2) од просто крзно: (зајак, јагне и овца) | kg | 3.000 |
| | | **Забелешка:** За предметите изработени од ногички, од остатоци од крзно и во комбинација со кожа, царинската основица од точка 1 се намалува за 30%. | | |
| 7 | 43.04 | Предмети за облекување од вештачко крзно: | | |
| | | 1) за возрасни: | | |
| | | а) бунди | парч. | 2.500 |
| | | б) јакни | парч. | 1.700 |
| | | 2) за деца | kg | 400 |
| 8 | 50.09 | Ткаенини од свила или од отпадоци на свила | | |
| | | 1) од свила: | | |
| | | а) ретки ткаенини (муслин, гренадин, воал, газа и сл.) | kg | 1.000 |
| | | б) други | kg | 900 |
| | | 2) ткаенини од бурет-свила | kg | 750 |
| 9 | 51.03 | Предиво од синтетички влакна | kg | 300 |
| 10 | 53.10 | Предиво од волна | kg | 500 |
| 11 | 53.11 | Ткаенини од волна од овци или јагниња или од фина животинска длака (штофови): | | |
| | | 1) машки | kg | 900 |
| | | 2) женски | kg | 700 |
| 12 | 55.06 | Конец: | | |
| | | 1) за изработка на гоблени | kg | 2.000 |
| | | 2) за везење | kg | 700 |
| | | 3) друго | kg | 400 |
| 13 | 55.08 | Фротирни ткаенини од памук | kg | 300 |
| 14 | 55.09 | Други памучни ткаенини: | | |
| | | 1) за завеси | kg | 600 |
| | | 2) други | kg | 300 |
| 15 | 56.07 | Ткаенини од вештачки или синтетички влакна | | |
| | | 1) за завеси | kg | 600 |
| | | 2) други | kg | 450 |
| 16 | 58.01 | Теписи, прекривки и простирки со јазли, везени со машина: | | |
| | | 1) волнени | m² | 800 |
| | | 2) од друг текстилен материјал | m² | 600 |
| 17 | 58.04 | Плиш и сомот: | | |
| | | 1) од памук | kg | 500 |
| | | 2) од свила | kg | 800 |
| | | 3) од синтетички влакна | kg | 400 |
| 18 | 59.05 | Рибарски мрежи: | | |
| | | 1) од синтетички влакна | kg | 300 |
| | | 2) од памук | kg | 150 |
| 19 | 59.08 | Предмети за облекување од „скај" | | |
| | | 1) мантили | парч. | 1.200 |
| | | 2) јакни | парч. | 600 |
| 20 | 60.01 | Плетени или хеклувани метражни стоки, нееластични и некаучукувани: | | |
| | | 1) од памук | kg | 250 |
| | | 2) од волна | kg | 600 |
| | | 3) од синтетички влакна | kg | 450 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 21 | 60.05 | Горна облека и други предмети плетени или хеклувани, нееластични и некаучукувани: | | |
| | | 1) од памук | kg | 600 |
| | | 2) од волна и фина животинска длака | kg | 1.000 |
| | | 3) од синтетички влакна | kg | 750 |
| 22 | 61.01 | Горна облека за возрасни мажи: | | |
| | | 1) од волнени ткаенини: | | |
| | | а) палта | парч. | 3.200 |
| | | б) мантили | парч. | 2.500 |
| | | в) облека | комплет | 2.700 |
| | | г) сакоа | парч. | 1.700 |
| | | д) панталони | парч. | 800 |
| | | 2) од синтетички ткаенини и мешаница (до 50% волна): | | |
| | | а) палта | парч. | 2.200 |
| | | б) мантили | парч. | 1.700 |
| | | в) облеки | комплет | 1.900 |
| | | г) сакоа | парч. | 1.200 |
| | | д) панталони | парч. | 600 |
| | | ѓ) облеки за скијање: | | |
| | | 1) јакни | парч. | 1.000 |
| | | 2) панталони | парч. | 800 |
| | | 3) комплет од еден дел | парч. | 1.700 |
| | | 4) наракваици | чифт | 500 |
| | | 3) од памучни и цел-ткаенини и мешаници (до 50% синтетика): | | |
| | | а) мантили | парч. | 1.400 |
| | | б) облеки | комплет | 1.400 |
| | | в) сакоа | парч. | 1.000 |
| | | г) панталони: | | |
| | | 1) „blue jeans" | парч. | 500 |
| | | 2) други | парч. | 400 |
| | | 4) виндјакни од сите видови ткаенини: | | |
| | | а) без влошка | парч. | 800 |
| | | б) со влошка | парч. | 1.000 |
| | | 5) блузи од сите видови ткаенини: | | |
| | | а) „blue jeans" | парч. | 500 |
| | | б) други | парч. | 300 |
| 23 | 61.02 | Горна облека за жени и деца: | | |
| | | 1) од волнени ткаенини: | | |
| | | а) палта | парч. | 3.200 |
| | | б) мантили | парч. | 2.500 |
| | | в) костими | комплет | 2.400 |
| | | г) фустани | парч. | 1.100 |
| | | д) здолници | парч. | 600 |
| | | ѓ) панталони | парч. | 600 |
| | | 2) од синтетички ткаенини и мешаница (до 50% волна): | | |
| | | а) палта | парч. | 2.400 |
| | | б) мантили | парч. | 2.200 |
| | | в) костими | комплет | 1.600 |
| | | г) фустани | парч. | 1.000 |
| | | д) здолници | парч. | 600 |
| | | ѓ) панталони | парч. | 600 |
| | | е) облеки за скијање: | | |
| | | 1) за жени | | |
| | | а) јакни | парч. | 1.000 |
| | | б) панталони | парч. | 800 |
| | | в) комплет од еден дел | парч. | 1.800 |
| | | г) наракваици | чифт | 500 |
| | | 2) за деца: | | |
| | | а) јакни | парч. | 400 |
| | | б) панталони | парч. | 300 |
| | | в) комплет од еден дел | парч. | 700 |
| | | г) наракваици | чифт | 150 |
| | | 3) од памучни и цел-ткаенини и мешаница (до 50% синтетика): | | |
| | | а) мантили | парч. | 1.500 |
| | | б) фустани | парч. | 800 |
| | | в) здолници: | | |
| | | 1) „blue jeans" | парч. | 500 |
| | | 2) други | парч. | 400 |
| | | г) панталони: | | |
| | | 1) „blue jeans" | парч. | 500 |
| | | 2) други | парч. | 400 |
| | | 4) виндјакни од сите видови ткаенини: | | |
| | | а) без влошка | парч. | 800 |
| | | б) со влошка | парч. | 1.000 |
| | | 5) блузи од сите видови ткаенини: | | |
| | | а) „blue jeans" | парч. | 500 |
| | | б) други | парч. | 300 |
| | | 6) детска облека: | | |
| | | а) волнена | kg. | 800 |
| | | б) друга | kg. | 500 |
| | | 7) комплети за бебиња | пакет | 1.200 |
| 24 | 62.01 | Ќебиња: | | |
| | | 1) од длака од камила | парч. | 1.900 |
| | | 2) од волна: | | |
| | | а) за едно лице | парч. | 1.000 |
| | | б) за две лица | парч. | 1.200 |
| | | 3) од памук | парч. | 300 |
| | | 4) од синтетички влакна | парч. | 700 |
| 25 | 62.02 | Рубелина креветска и рубелина за на маса: | | |
| | | 1) рубелина креветска и за на маса (освен прекривки): | | |
| | | а) од дамаст | kg | 700 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| | | б) од друг материјал: | | |
| | | 1) дезенирана | kg | 600 |
| | | 2) еднобојна | kg | 400 |
| | | 2) прекривки за кревет: | | |
| | | а) за едно лице | парч. | 500 |
| | | б) за две лица | парч. | 700 |
| 26 | 63.01 | Употребувани предмети за облекување и употребувани обувки | kg | 150 |
| 27 | 64.01 | Чевли за скијање: | | |
| | | 1) за возрасни | чифт | 1.600 |
| | | 2) за деца | чифт | 850 |
| 28 | 64.02 | Обувки со ѓон од природна или пресувана кожа: | | |
| | | 1) чевли: | | |
| | | а) машки | чифт | 1.000 |
| | | б) женски | чифт | 1.000 |
| | | в) детски | чифт | 300 |
| | | 2) чизми: | | |
| | | а) машки | чифт | 1.500 |
| | | б) женски | чифт | 1.500 |
| | | в) детски | чифт | 500 |
„3. На осигуреното лице на име надомест на патните трошоци за сместување и исхрана за време на патувањето и престојот во друго место му припаѓа 50% од износот на дневницата за службено патување на офицер со чин полковник, утврден според прописите за надоместот на патните и други трошоци во Југословенската народна армија — ако е над 7-годишна возраст, односно 25% од наведениот износ — ако е под 7-годишна возраст.

Ако осигуреното лице е упатено на лекување во странство, износот на надоместот на трошоците за сместување и исхрана се определува според прописите за надоместот на патните и други трошоци за патување во странство на активни воени лица и на граѓански лица на служба во Југословенската народна армија."

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 12-1
27 февруари 1980 година
Белград

**Собрание на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници**

Претседател,
**Мирко Нововиќ**, с. р.

---

**228.**

Врз основа на член 129 точка 8, во врска со член 142 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/78), Собранието на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ ДЕЛ ОД ВКУПНИТЕ СРЕДСТВА НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ВОЕНИТЕ ОСИГУРЕНИЦИ ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ НА УЖИВАТЕЛИТЕ НА ПЕНЗИИ

1. Од вкупните средства на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници од 1 јануари 1980 година на посебна сметка ќе се издвојуваат наменски средства за закрепнување на уживателите на пензии по стапка од 1% од вкупниот износ на исплатените пензии.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за издвојување дел од вкупните средства на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници за закрепнување на уживателите на пензии („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/76).

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 13-1
27 февруари 1980 година
Белград

**Собрание на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници**

Претседател,
**Мирко Нововиќ**, с. р.

---

**229.**

Врз основа на член 129 точка 8 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници („Службен лист СФРЈ", бр. 32/78), Собранието на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници донесува

## ОДЛУКА

### ЗА УПОТРЕБАТА НА СРЕДСТВАТА НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА СОЦИЈАЛНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ВОЕНИТЕ ОСИГУРЕНИЦИ НАМЕНЕТИ ЗА ЗАКРЕПНУВАЊЕ НА УЖИВАТЕЛИТЕ НА ПЕНЗИЈА ВО 1980 ГОДИНА

1. На уживателот на старосна, инвалидска или семејна пензија на кој пензијата му се исплатува врз товар на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници, ќе му се исплати надомест за закрепнување во 1980 година во износ од 960 динари.

2. На уживателот на старосна, инвалидска или семејна пензија кој во 1980 година бил вработен или вршел професионална дејност, односно самостојна дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓани, не му припаѓа надоместот од точка 1 на оваа одлука.

3. Ако семејната пензија ја користат двајца или повеќе соуживатели, надоместот од точка 1 на оваа одлука ќе се исплати во еден износ.

4. Износот на надоместот утврден во точка 1 на оваа одлука се исплатува во еден износ и втасува за исплата со пензијата за месец мај 1980 година. Исплатата на надоместот според оваа одлука ќе ја изврши Службата за спроведување на пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници по службена должност.

5. Надоместот од точка 1 на оваа одлука ќе се исплати од средствата издвоени и наменети за закрепнување на уживателите на пензија.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 14-1
27 февруари 1980 година
Белград

**Собрание на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници**

Претседател,
**Мирко Нововиќ**, с. р.

---

**230.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72) во врска со член 101 став 2 од Законот за основите на системот на цените и за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80), претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ НА ОПРЕМАТА ЗА ПЕРАЛНИЦИ

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите, на 10 април 1979 година, склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени на опремата за пералници, со тоа што производителската организација на здружен труд може своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, да ги зголеми во просек до 10,2%, а според Ценовникот кој е составен дел на Спогодбата.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба дава согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 2893 од 28 февруари 1980 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставник на производителот: СОЗТ „Елком — Примат" — Марибор.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 10 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

**231.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ бр. 25/72 и 35/72), во врска со член 101 став 2 од Законот за основите на системот на цените и за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“ бр. 1/80), претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА МАЛИ КОМПРЕСОРИ И НИВНИ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите, на 23 мај 1979 година, склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за мали компресори и нивни резервни делови, со тоа што производителската организација на здружен труд може своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, да ги зголеми до 9%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваа односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 3650 од 29 февруари 1980 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Претставник на производителот: „Трудбеник“ — Добој.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 13 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

---

**232.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“, бр. 25/72 и 35/72), во врска со член 101 став 2 од Законот за основите на системот на цените и за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“, бр 1/80), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ТЕХНИЧКИ ГАСОВИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите, на 29 јуни 1979 година, склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за технички гасови, со тоа што производителските организации на здружен труд можат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, да ги зголемат во просек до 7,7% по категориите на потрошувачите како што е тоа наведено во Спогодбата.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 5323 од 4 март 1980 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Претставници на производителите: Товарна душика — Руше, „Далмација“, ООУР Технички плинови — Дуги Рат, „Водовод“ — Осиек, „Техногас“ — Белград и „Монткемија“ — Загреб.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 17 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

**233.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“, бр. 25/72 и 35/72), во врска со член 101 став 2 од Законот за основите на системот на цените и за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“ бр. 1/80), претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА БИКАРБАМ

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите, на 4 септември 1979 година, склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за бикарбам, со тоа што производителската организација на здружен труд може својата затечена продажна цена, при постојните услови на продажбата, да ја зголеми така што највисоката продажна цена да изнесува 4.920 динари за еден тон.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производот од точка 1 на оваа спогодба ќе го продаваат односно купуваат по цената и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 6352 од 4 март 1980 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Претставник на производителот: „Азот“ — Горажде.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „Соко-Нада Штарк“ — Белград, „Технокемија“ — Белград и „Кемобоја“ — Загреб.

---

**234.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“, бр. 25/72 и 35/72), во врска со член 101 став 2 од Законот за основите на системот на цените и за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“, бр. 1/80), претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА КАЛИУМ СИЛИКАТ, ТЕЧЕН

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите, на 26 јуни 1979 година, склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за калиум силикат, течен, со тоа што производителската организација на здружен труд може своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, да ги зголеми така што највисоката продажна цена да изнесува 4,70 динари за еден килограм.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 5475 од 29 февруари 1980 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Претставник на производителот: „Галеника“ — Земун.

Претставници на купувачите-потрошувачи: Железара „Јесенице“ — Јесенице, „Електрода“ Загреб и „Гранит — Пешчар“ — Лиг.

235.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), во врска со член 101 став 2 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80), претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА СИГЕЛ-ВРЗИВА

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите, на 26 јуни 1979 година, склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за сигел-врзива, со тоа што производителската организација на здружен труд може своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, да ги зголеми така што највисоката продажна цена да изнесува 4,20 динари за еден килограм.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цената и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 5474 од 29 февруари 1980 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставник на производителот: „Галеника" — Земун.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 11 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

236.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), во врска со член 101 став 2 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80), претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ФЕРИНАТ ЕКСТРА, ФЕРИПЛАСТ, ТЕРАФИН ЕКСТРА, ТЕРАФИН БМ, МЕТИЛАТ И ПЕРКОЛИН

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите на 6 април 1979 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за феринат екстра, ферипласт, терафин екстра, терафин БМ, метилат и перколин, со тоа што производителската организација на здружен труд може своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, да ги зголеми до 13%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 2632 од 3 март 1980 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставник на производителот: „ИНА — петрохемија" — Кутина.

Претставници на купувачите-потрошувачи: десет купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

237.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), во врска со член 101 став 2 на Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ" бр. 1/80), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ВИЈЧЕНИ ПРОИЗВОДИ, СИНЏИРИ (ЕЛЕКТРОЗАВАРЕНИ, ТРГОВСКИ, АВТОСИНЏИРИ, ТЕХНИЧКИ И ТОВАРНИ СИНЏИРИ И НИВНИ ДЕЛОВИ), ЕЛЕКТРОДИ, ШАЈКИ И ЖИЧЕНИ ПРОИЗВОДИ, (ПЛАТНА, ПЛЕТИВА, ТКАЕНИНИ, РЕШЕТКИ, СИТА, ТРАНСПОРТНИ ЛЕНТИ, ПРУЖИНИ КОШЕВИ, БОДЛИВА ЖИЦА)

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите, на 14 јуни 1979 година, склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за вијчени производи, синџири (електрозаварени, трговски, автосинџири, технички и товарни синџири и нивни делови) електроди, шајки и жичени производи (платна, плетива, ткаенини, решетки, сита, транспортни ленти, пружини, кошеви, бодлива жица), со тоа што производителските организации на здружен труд можат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, да ги зголемат до 12,4%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 4868 од 7 март 1980 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: 32 производители потписници на Спогодбата.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 49 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

238.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), во врска со член 101 став 2 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ НА ОПРЕМАТА ЗА ВЕНТИЛАЦИЈА И КЛИМАТИЗАЦИЈА И НА НИВНИТЕ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите, на 18 октомври 1978 година, склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени на опремата за вентилација и климатизација и на нивните резервни делови, со тоа што производителските организации на здружен труд можат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, да ги зголемат до 12%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 246 од 29 февруари 1980 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: ИМП — Љубљана, „Клима" — Целје, „Монтинг" — Загреб и „Соко" — Мостар.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 23 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

**239.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), во врска со член 101 став 2 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80), претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ НА ИНСТРУМЕНТИТЕ ЗА ПНЕВМАТСКА КОНТРОЛА, ПОКАЖУВАЊЕ И РЕГУЛАЦИЈА НА ФИЗИЧКИТЕ ГОЛЕМИНИ

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите, на 16 јули 1979 година, склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени на инструментите за пневматска контрола, покажување и регулација на физичките големини, со тоа што производителската организација на здружен труд може своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, да ги зголеми до 13%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 5610 од 28 февруари 1980 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставник на производителот: „Телеоптик" — Земун.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 8 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

# УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

## ОДЛУКА

### ЗА ОЦЕНА НА УСТАВНОСТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ЧЛЕН 10 СТ. 1 И 2 ОД ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ОБЕМ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1978 ГОДИНА

1. Загрепската банка — Загреб, Инвестиционо-комерцијалната банка — Сплит и Стопанската банка — Основна банка — Охрид, со предлозите за поведување на постапка пред Уставниот суд на Југославија бараа да се оцени уставноста на одредбите на член 10 ст. 1 и 2 од Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на буџетот на федерацијата за 1978 година.

Со оспорената одредба е предвидено дека негативните курсни разлики на девизните сметки на граѓаните, настанати во 1973 и 1974 година, Федерацијата ќе ги покрие со издавањето на обврзници, што ќе бидат исплативи за 20 години во еднакви годишни ануитети, со 1% камата, која се пресметува од 1 јануари 1975 година, со тоа што првиот ануитет втасува на 1 јули 1978 година.

Во предлозите за поведување на постапка и на расправата одржана на 17 јануари 1980 година, предлагачите наведоа дека ја оспоруваат уставноста на овие одредби од причините: што тие имаат повратно дејство кое не е засновано на утврдениот општ интерес во смисла на член 211 став 2 од Уставот на СФРЈ; што Законот за пресметување и намирување на курсните разлики по девизните сметки на граѓаните, настанати во 1973 и 1974 година, не е ставен вон од сила, а истиот однос е уреден и со оспорената одредба на Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на буџетот за 1978 година, кој има временски карактер, па во врска со тоа, е нарушена правната сигурност на законското уредување на настанатите односи; и што банките, со оспорената одредба, се доведени во потешка материјална положба поради што трпат штета, бидејќи е намалена каматата од 8% на 1%, поместен почетокот на отплатата за две години, а рокот на отплатата се продолжува за десет години.

Собранието на СФРЈ, во одговор на предлозите, наведе дека во постапката за донесување на оспорената одредба е утврден општиот интерес, како основ за повратно дејство, според член 211 став 2 од Уставот на СФРЈ. Општиот интерес за воведување на повратното дејство на оспорената одредба се образложува со потребата од спроведување на политиката за постепено намалување на обемот на средствата од примарната емисија за финансирање на потребите на федерацијата, при што, како најцелесообразно решение, беше одлагањето на исплатите на обврзниците на деловните банки, без со тоа да се влијае битно врз низната положба и ликвидноста на стопанството, како и намалувањето на обврските за исплата на курсните разлики за 1973 и 1974 година по штедните девизни влогови на граѓаните, на начинот овие обврски да се репрограмираат за 20 години и со камата по стапка од 1% годишно.

2. Оценувајќи ја уставноста на оспорените одредби, по спроведената расправа, Судот застана на становиштето дека тие се согласни со одредбата на член 211 став 2 од Уставот на СФРЈ, со која се предвидува можност за воведување повратно дејство на одделни одредби на законот, под условите тоа да го бара општиот интерес. Судот овој став го заснова врз фактот што во конкретниот случај, повратното дејство на оспорената одредба го утврди Соборот на републиките и покраините, во согласност со републиките и автономните покраини, во општ интерес за реализација на заедничкиот усвоената економска политика на земјата. Постоењето на општиот интерес и целесообразноста на уредувањето на односите со повратно дејство е прашање кое спаѓа во оцена на законодавниот орган.

Судот ги разгледуваше наводите на предлагачите за тоа дека со еден закон со временски ограничено дејство каков што е законот што ги содржи оспорените одредби, не може да се измени или да се стави вон од сила претходниот закон кој истиот однос го уредува трајно, па утводи дека законот, кој ја содржи оспорената одредба, е донесен од истиот надлежен орган и по иста постапка како и претход-

ниот закон, па најде дека поради тоа оспорените одредби не се несогласни со Уставот на СФРЈ.

4. Уставниот суд на Југославија на седницата одржана на 23 јануари 1980 година, врз основа на член 375 став 1 точка 1 од Уставот на СФРЈ и на член 13 став 1 и на член 29 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија донесе

ОДЛУКА

Се одбива предлогот да се утврди дека одредбите на член 10 ст. 1 и 2 од Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на буџетот на федерацијата за 1978 година се во несогласност со член 211 на Уставот на СФРЈ.

5. Уставниот суд на Југославија ја донесе оваа одлука во состав: претседател на Судот Никола Секулиќ и судии: Милорад Достаниќ, д-р Стана Ѓукиќ-Делевиќ, д-р Арпад Хорват, Владимир Кривиц, Славко Кухар, Чедомил Миличевиќ, Јаким Спировски, Воислав Ракиќ, д-р Јосиф Трајковиќ, Иван Франко и Мијушко Шибалиќ.

У. бр. 32/78, 99/78 и 58/79
23 јануари 1980 година
Белград

Претседател на
Уставниот суд на
Југославија,
**Никола Секулиќ**, с. р.

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Одлуката за измени и дополненија на Одлуката за утврдување на магистралните патишта, објавен во „Службен лист на СФРЈ“, бр. 5/80, се поткрале долунаведените грешки, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАГИСТРАЛНИТЕ ПАТИШТА

Во текстот под I се вршат следните исправки, и тоа:

1) под 3, во изменетата точка 4, во одредбата под 1 наместо зборот: „Матковец“ треба да стои зборот: „Мачковец“;

2) под 7 во изменетата точка 18 наместо: „како и патот што се спојува со него: Бачка Паланка — Илок — Шид — Адашевци (до магистралата 1);“ треба да стои: „како и патот што се спојува со него:

1) Бачка Паланка — Илок — Шид — Адашевци (до магистралата 1);“;

3) под 8 во изменетата точка 19 наместо зборот: „Љубогошќе“ треба да стои: „Љубогошта“, а во одредбата под 3 наместо: „(Соколац — Рогатица — Месиќи)“ треба да стои: „(Соколац) — Рогатица — Месиќи“;

4) под 9 во изменетата точка 21 наместо: „како и патот што се спојува со него: Пожега — Ариље — Ивањица — Бук — Кумањица — Брњица — Штаваљ — Тузиње — Бољаре — Сргевац — врска со патот број 2 (Јадрански пут):“ треба да стои: „како и патот што се спојува со него:

1) Пожега — Ариље — Ивањица — Бук — Кумањица — Брњица — Штаваљ — Тузиње — Бољаре — Сргевац — врска со патот број 2 (Јадрански пат):“;

5) Под 10 во изменетата точка 23 наместо: „како и патот што се спојува со него: Равни Гај — Кралево:“ треба да стои: „како и патот што се спојува со него:

1) Равни Гај — Кралево;“;

6) под 12 во изменетата точка 26 наместо зборот: „Подмелје“, треба да стои зборот: „Подмолје“, а наместо: „како и патот што се спојува со него: Требињиште — Струга — Ќафасан — југословенско-албанска државна граница;“ треба да стои: „како и патот што се спојува со него:

1) Требињиште — Струга — Ќафасан - југословенско-албанска државна граница;“;

7) под 13 во новата точка 29 наместо зборовите: „Кула— Моринска“ треба да стои: „Кула Моринска“.

Од Сојузниот извршен совет, Белград, 15 февруари 1980 година

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Правилникот за југословенските стандарди за самоносив кабелски сноп и рударски кабли, објавен во „Службен лист на СФРЈ“, бр. 9/80, се поткрале долунаведените грешки, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА САМОНОСИВ КАБЕЛСКИ СНОП И РУДАРСКИ КАБЛИ

Во член 1 точка 1 наместо бројот: „0,6“, треба да стои: „0,6/1“.

Во точка 2 називот на југословенскиот стандард треба да гласи:

„Електроенергетика. Рударски кабли со изолација и плашт од гума, тип GN 53, EpN 58, GN 55 и EpN 55 за номинален напон до 0,6/1 kV.“

Од Сојузниот завод за стандардизација, Белград, 28 февруари 1980 година,

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

### ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

— за извонредни напори, лична храброст и пожртвување во спасување на човечки животи, материјални и културни добри, како и за сестрана помош укажана на населението во отстранувањето на последиците од катастрофалниот земјотрес на Црногорското приморје

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Војна болница и Центар за медицинску рехабилитацију, Мељине;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

71. гранични одсек;
2. пешадијски батаљон 5. пешадијске пролетерске бригаде;
Лакићевић Марка др Драгослав, потполковник;

СО ОРДЕН ЗА ХРАБРОСТ

Игњатовић Стојана Љубинко, капетан I класа;
Кордић Николе Јово, мајор;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Јоксимовиќ Велимира др Радомир, капетан I класа,
Гребовиќ Љубисава Аврам, поручник,
Марковиќ Мирка Јован, потпоручник,
Касалица Милете Момчило, заставник I класа,
Јовановиќ Дамјана Градимир, постар водник;

СО МЕДАЛ ЗА ХРАБРОСТ

Сениќ Голуба Владимир, заставник,
Лучиќ Ивана Фрањо, десетар,
Бошњак Јакова Рајко, војник,
Мерџаниќ Мухарема Салем, војник,
Митковиќ Петра Стојадин, војник,
Сејдија Сејдиа Шабан, војник,
Стојановиќ Божидара Зоран, војник;

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Недовиќ Радослава Србољуб, питомец-водник;

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Секулиќ Милутина Станимирка, граѓ. лице на служба вд ЈНА;

СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

Пралас Стјепана Ивица, десетар,
Божовиќ Зелена Драган, војник,
Жикиќ Ранка Братислав, војник;

СО МЕДАЛ ЗА ВОЈНИЧКИ ДОБРОДЕТЕЛИ

Кудра Бранка Зоран, војник,
Симон, Ивана Исток, војник,
Ждеро Илије Шпиро, војник;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

119 воздухопловен транспортен полк;
423 воздухопловна база;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Цветковиќ Ђорђа Лука, потполковник,
Кекиќ Николе Јован, потполковник,
Калков Ђорђа Александар, мајор,
Клепиќ Лазара Лука, мајор,
Милутиновиќ Милована Милиќ, мајор,
Николиќ Љубомира Јован, мајор,
Николиќ Миодрага Зоран, мајор,
Жутиниќ Мила Андрија, мајор,
Илиќ Костадина Милован, капетан I класа;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

16 граничен морнарички одред,
Милутиновиќ Милорада Милош, капетан на боен брод,
Божикиќ Андрије Радомир, капетан на фрегата;

СО ОРДЕН ЗА ХРАБРОСТ

Баровиќ Благоте Душан, заставник;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Божовиќ Радоње Божидар, мајор,
Митошевиќ Милана Драган, заставник,
Тасиќ Сибина Станоје, постар водник I класа,
Вардиќ Петра Милан, заставник,
Живановиќ Жарка Симеун, постар водник;

СО МЕДАЛ ЗА ХРАБРОСТ

Милачиќ Мирка Ђоко, поручник на боен брод,
Гржан Милана Вилим, морнар,
Јуриќ Јерка Јерко, морнар,
Матуљиќ Анте Винко, морнар,
Мујан Николе Славко, војник;

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Видаковиќ Сава Јосип, граѓ. лице на служба во ЈНА,
Милановиќ Јована Богољуб, граѓ. лице на служба во ЈНА,
Радоњиќ Милана Бранко, граѓ. лице на служба во ЈНА;

СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

Смакиќ Салиха Шабан, водник I класа;

СО МЕДАЛ ЗА ВОЈНИЧКИ ДОБРОДЕТЕЛИ

Стоилков Александра Васко, водник,
Бурниќ Смаила Шефко, разводник,
Билуш Јосипа Лука, војник,
Мрѓиќ Милорада Славко, војник,
Поланчец Фрања Иван, војник,
Димитријевиќ Милоја Небојша, морнар,
Кучара Андраша Бела, морнар.

Бр. 83
5 јули 1979 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито, с. р.**

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

— за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Дервишевиќ Хуса Реџо, Јашари Шерифа Ариф, Нобрдали Исмаиља Хаки, Суља Махнута Мухарем;

— за особени заслуги и успеси постигнати во работата од значење за напредокот на земјата

## СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СА ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Асани Хамита Кајтаз, Стоисављевић Сава Милан, Стојсављевић Милоша Илија, Шејат Петра Лазар;

— за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

## СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Ацић Јована Бранислав;

— за заслуги и успеси постигнати во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

## СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Алиа-Сулејмани Ука Зарифе, Цикић Светозара Милка, Идризовић Латифа Реџеп, Пеци Халила Расим;

— за заслуги и успеси постигнати во работата од значење за напредокот на земјата

## СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Абази Мухарема Азем, Абулаху Сулејмани Хилми, Агатоновић Борисава Миломир, Ајдини Елеза Мехмет, Ајрадини Рамадана Абит, Алексић Новице Петар, Алиђи Реџепа Халил, Алоћи Халита Рамадан, Антић Симијона Лепосава, Аслани Шешивара Бајрам, Бабатинца Рама Осман, Бајруши Хаџи Чауш, Бериша Раифа Али, Бериша Љатиф Шабан, Бешири Мухарема Рамадан, Биљали Шерифа Расим, Бислими Алита Зећир, Бишевац Вељка Томислав, Бошњаку Бејта Сефедин, Цанић Илија Витомир, Церовић Спасоја Радомир, Церовина Спасоја Иван, Церовина Спасоја Ратомир, Цимили Адема Исо, Ћорић Божа Милорад, Дендић Аћима Радован, Драгутиновић Милорада Владимир, Даковић Милана Урош, Џемаили Назифа Нуредин, Ђорђевић Здравка Вељко, Ђурић Николе Милутин, Ђурковић Јована Јеврем, Ферати Бегира Имер, Гаши Халида Бечир, Грајћевци Шерифа Браим, Грујић Миладина Војислав, Халили Адиља Нешат, Хаљими Шабана Хабит, Хасани Селима Сахит, Хасић Хајра Ахмо, Хазири Шерифа Аслан, Хазири Мехмета Јахир, Хетљеровић Ивана Душан, Хисени Хисена Ферат, Хисени Сиље Рушит, Игњатовић Станимира Миодраг, Илић Благоја Станислав, Имер Хабиба Mjekiqi, Истрефи Избера Тафиљ, Janузи Хасана Фетах, Јанузи Бислима Муртез, Jashar Мурата Ахмети, Јашари Исљама Бећир, Јашари Ћамила Хасан, Јашари Хашима Сокољ, Јегдић Глигорија Љубиша, Јовановић Живка Љубомир, Јовановић Илије Риста, Јовановић Стојана Живојин;

Кадрић Рушо Иљаз, Караматић Лаза Симо, Касаловић Радоице Милија, Келменди Мехмета Ћерим, Коњуша Тахира Зечир, Кордић Иса Милан, Костић Риста Милош, Куртеши Ризах Шабан, Љатифи Кадрије Бајрам, Љатифи Исмаила Реџеп, Љотили Јетуле Хајдар, Маколи Исмајља Шемси, Максимовић Симона Сарафин, Максимовић Зарија Живко, Максути Селима Џемајл, Марковић Душана Драгољуб, Марковић Андрије Петар, Мифтари Селима Абдулах, Мифтари Хазира Бећир, Милошевић Младена Милисав, Милошевић Методија Милосав, Милошевић Сретка Перо, Мркић Андрије Богдан, Мућоли Сулејмана Селмон, Мулићи Дон Сејди, Муслиу Мехмета Нусрет, Мустафа Хамита Адем, Мустафа Авдије Мифтар, Мустафа Џемајља Мустафа, Мушкиња Николе Јован, Незири Јануза Исуф, Ника Бинака Фрок, Николић Драгољуба Миладин, Николић Драгољуба Милан, Николић Александра Никола, Николић Јеремија Велизар, Нимони Ибрахима Ћазим, Пацоли Хамита Невзат, Пантовић Милана Милић, Пашајлић Латифа Мурат, Пеци Рамадана Дибран, Пеци Фазљи Расим, Петковић Животе Владислав, Плана Селима Али, Претени Бејта Имер, Претени Емина Камер, Претени Ахмета Рамадан, Прлинчевић Бранислава Властимир, Прстојевић-Зиројевић Јакова Јела, Радановић Јована Спасија, Радомировић Благоја Владимир, Разић Сава Војиславка, Ристић Воја Ратко, Ристић Тодора Велибор, Салихи Сали Азем, Салихи Хајдин Емин, Савић Момчила Драгослав, Савић Аврама Радован, Савић Благоја Сава, Селмани Раима Миљазим, Симница Абдурахмана Хаљиљ, Синани Селима Халит, Сопи Хетема Шабан, Стаменковић Веселина Ђорђе, Шумаковић Риста Аранђел, Трнава Сали Етем, Власалија Зумера Садри, Замфирвић Рада Свилан, Зарковић Душана Милан, Зенељ Рахмана Међуани, Звицер Косте Ђорђе;

— за заслуги во социјалистичката изградба на земјата

## СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Дробњаковић Милоша Вујадин, Гргури Хасима Метуш, Иљази Ганије Скендер, Јусуфи Османа Бећир, Васовић Милорада Радослав, Жижић Алексе Радојица;

— за заслуги и успеси постигнати во работата

## СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Abdyli Харадина Рамуш, Ахмети Мустафе Миљазим, Ајети Мехмета Џафер, Алија Хајдара Исљам, Анђелковић Радосава Вукмир, Арифи Брахима Осман, Аритоновић Риста Будимир, Бабатинца Хајдара Рахман, Бећири Рахмона Нимон, Бехрами Рамадана Миран, Бегири Фазли Адем, Бектеши Бејта Хаки, Бериша Рустема Хамди, Бислими Hysena Схемси, Буњаку Јасхар Али, Буњаку Османа Ајет, Чалић Николе Надежда, Ћазим Хајдин Красниќ, Драгосавац Исака Миодраг, Ђиголи Ибрахима Нуредин, Ђорђевић Јована Драгутин, Ђорђевић Љубомира Владимир, Ђумшити Мустафа Даут, Ђурић Јанка Велимир, Фејза Фетаха Имер, Фека Ризе Халит, Филимоновић Илије Милован, Гаши Али Бејтулах, Гаши Авди Мехмет, Гаши Мустаф Сабит, Гргури Османа Брахим, Гргури Мехмета Шабан, Грујић Арсенија Драгосав, Грујић Драгољуба Новица, Хаџоли Хаџа Назми, Халили Истрефа Јануз, Халили Адиља Неџат, Хамди Ибиша Биљаљи, Hyseni Rekhep Jahir, Ибиши Зарифа Исуф, Илић Ристе Светислав, Иљази Шабана Саљих, Имер Мустаф Бериша, Инић Васе Ратомир, Јанузи Хајдара Хаџија, Јањич Симе Јован, Јашари Емина Јашар, Јашари Ибрахима Љатиф, Јетула Зенељ Грајчевци, Јовановић Радосава Светолик, Јусуфи Махмута Есат, Келменди Суље Муртез, Красничи Рамадана Исмаил, Красниќи Хасан Сулејман, Крушич Јована Бошко, Лазаревић Јована Аврам, Љеци Ћазима Хетем, Максимовић Десимира Драган, Маринковић Душана Владимир, Mehaz Saliha Mjekiqi, Метај Имера Хазир, Миленковић Живоина Бранислав, Милентијевић Огњана Милентије, Милојевић Миодрага Радослав, Милошевић Добривоја Божидар, Миљковић Васиљка Јанко, Мирковић Китана Трајко, Морина Рамадана Исмет, Мустафа Јашара Зумбер;

Недељковић Милована Игњације, Незири Назифа Шефћет, Николић Петра Сретен, Нуе Туна Зеф, Осман Мехмета Џони, Ошљани Емина Бехџет, Пеци Авдије Али, Перић Владимира Новица, Петронијевић Момчила Петроније, Плана Шабана Авдулах, Прекази Јануза Рамиз, Претени Бејта Селим, Прете-

ни Хисена Вели, Радосављевић Недељка Гојко, Радовић Венцислава Раде, Радовић Илије Стево, Радуловић Велимира Видосав, Ранчевић Бошка Лазар, Рамадани Ејупа Ђемаљ, Рамиз Елеза Сопјани, Рећеп Салиха Воча, Redhepi Ibrahimi Hačif Nevljuda, Ристић Милана Милутин, Садику Зејнеља Имер, Салихи Неби Селим, Салихи Велије Заир, Симић Петка Miroslav, Симница Бехлула Схаип, Сопјани Зумбера Фејзула, Спирић Димитрија Илија, Станојевић Младена Влаинка, Суљај Сокоља Мехмет, Шаћири Хаџи Нурије, Шала Бајрама Али, Шаља Зечира Бејтулах, Шаља Јануза Јетула, Шаљани Реџепа Незир, Шешлија Блаже Зорка, Тоскић Халила Сељадин, Трепча Шерифа Емин, Трепча Avdylj Зено, Ука Риза Азман, Васић Јована Гордана, Видосављевић Видосава Милутин, Витија Рамиз Нуредин, Витковић Јована Владимир, Власелија Рахмона Муртез, Власалија Шефки Шабан, Воца Јахира Шабан, Воца Бахтира Шема, Врајоли Сулејмана Исљам, Вучковић Николе Слободан, Вукмировић Младена Илија, Зећир Зенељи Бузаку.

Бр. 88
23 јули 1979 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

## СОДРЖИНА:

Страна

213. Уредба за укинување на стапката на основниот данок на промет на 150 000 тони дизел-гориво Д-2 — — — — — 389
214. Одлука за службата на Сојузниот извршен совет за одбранбени подготовки — 389
215. Решение за намалување на царинската стапка на увозот на гасно масло — — 390
216. Деловник за работата на Сојузниот општествен совет за меѓународни односи — 390
217. Решение за определување на цените на обрасците за патни и други исправи на државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и на странци — — — — — — — — 395
218. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на списанието „L' Express" 395
219. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на списанието „Oggi" — — 395
220. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Ici Paris" — 395
221. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „France soir" 396
222. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Frankfurter Allgemeine Zeituig" — — — — — 396
223. Наредба за усогласување на надоместот на трошоците за погреб во 1980 година — 396
224. Листа на царинските основици за стоките што државјани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и странски државјани непосредно ги увезуваат, односно примаат од странство — — 396
225. Листа на царинските основици за патнички, доставни и товарни моторни возила што државјани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и странски државјани непосредно ги увезуваат од странство — — — — — — 403
226. Одлука за дополнение на Одлуката за условите за изнесување или праќање од Југославија и за внесување во Југославија на пари и вредносници — — — — 428
227. Одлука за измена на Одлуката за начинот на употреба на превозните средства и за височината на надоместот на патните трошоци во врска со остварувањето на правата од здравственото осигурување — 428
228. Одлука за издвојување дел од вкупните средства на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници за закрепнување на уживателите на пензии — — — — — — 429
229. Одлука за употребата на средствата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници наменети за закрепнување на уживателите на пензија во 1980 година — — — — 429
230. Спогодба за промена на затечените цени на опремата за перални — — — — 429
231. Спогодба за промена на затечените цени за мали компресори и нивни резервни делови — — — — — — — — — — 430
232. Спогодба за промена на затечените цени за технички гасови — — — — — — 430
233. Спогодба за промена на затечените цени за бикарбам — — — — — — — 430
234. Спогодба за промена на затечените цени за калиум силикат, течен — — — — 430
235. Спогодба за промена на затечените цени за сигел-врзива — — — — — — — 431
236. Спогодба за промена на затечените цени за феринат екстра, ферипласт, терафин, екстра, терафин ВМ, метилат и перколин 431
237. Спогодба за промена на затечените цени за вијчени производи, синџири (електрозаварени, трговски, автосинџири, технички и товарни синџири и нивни делови), електроди, шајки и жичени производи (платна, плетива, ткаенини, решетки, сита, транспортни ленти, пружини, кошеви, бодлива жица) — — — — — 431
238. Спогодба за промена на затечените цени на опремата за вентилација и климатизација и на нивните резервни делови — — 431
239. Спогодба за промена на затечените цени на инструментите за пневматска контрола, покажување и регулација на физичките големини — — — — — — — 432

Одлука за оцена на уставноста на одредбите на член 10 ст. 1 и 2 од Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1978 година — — — — — — — — — — 432

Исправка на Одлуката за измени и дополненија на Одлуката за утврдување на магистралните патишта — — — — — — 433

Исправка на Правилникот за југословенските стандарди за самоносив кабелски сноп и рударски кабли — — — — — — — 433

Одликувања — — — — — — — — 433

**Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристића бр. 1. Пош. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовић, Улица Јована Ристића бр. 1 — Печати Београдски издавачко-графички завод Белград, Булевар војводе Мишића бр. 17.**